2015 ИНДЕКС НА ОДРЖЛИВОСТ НА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ – МАКЕДОНИЈА



ОДРЖЛИВОСТ НА ГО: 3.9



Политичката состојба во Македонија значително се влоши во 2015 година. Откако водечката опозициска партија Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (СДСМ), ја обвини владејачката партија Внатрешната македонска револуционерна организација - Демократска партија за

македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ) за изборна измама на претседателските и парламентарните избори во април 2014 година, неколкуте опозициски партии го бојкотираа Собранието. Исто така, во периодот од февруари до мај, опозицијата изнесе докази за масовно нелегално прислушување на високи владини функционери, членови на опозициската партија, новинари, како и членови на граѓанското општество. Снимените разговори укажаа на злоупотреба на моќта, прекршување на човековите права и притисоци врз законодавната власт и судството. Политичката криза ги принуди водачите на четирите најголеми политички партии да седнат на преговори и да постигнат договор за надминување на политичка состојба. Според Договорот од Пржино кој беше потпишан во јуни и дополнет во јули, опозицијата се врати во Собранието во септември. Од ноември СДСМ стана дел од владата преку назначување на двајца министри и тројца заменици министри. Покрај тоа, премиерот Груевски се согласи да се повлече од позицијата на почетокот од 2016 година. Привремена влада треба да ја подготви државата за парламентарни избори кои се закажани за средината на 2016 година. Како одговор на незаконското прислушување се донесоа: Закон за специјален јавен обвинител, Закон за заштита на укажувачи и Закон за заштита на приватноста, а се донесоа и измени и дополнувања на Изборниот законик.

Како реакција на овие драматични настани, граѓанските организации и граѓаните излегоа на спонтани собири. Во мај започна бран протести барајќи излез од политичка состојба и истите продолжиле до крајот на јуни кога се потпиша Договорот од Пржино. За време на собир на 5 мај, полицијата употреби прекумерна сила, притвори и поднесе обвинениј против 42 учесници на протестот. Од 6 до 16 мај, владата го ограничи правото на собирање пред одредени државни институции, меѓу кои и Собранието.

Од јуни, па до крајот на годината, 389.000 бегалци и мигранти минаа низ Македонија. Бегалската криза кулминираше во јуни и јули кога се прогласи кризна состојба за областа околу границата со Грција. Во септември, Собранието го продолжи рокот за кризна состојба до јуни 2016 година. Граѓанските организации и јавноста им дадоа поддршка на бегалците и мигрантите.

Во текот на 2015 година, граѓанските организации имаа сè поголеми потешкотии во пристапувањето и соработката со владините институции, а се влоши и вклучувањето на граѓанските организации во креирањето на политики. На пример, иако постои електронски систем за консултации, министерствата ретко се придржуваат до барањата или роковите за јавна консултација. Соработката меѓу граѓанските организации и бизнис секторот исто така стагнира.

Официјалната бројка на организации регистрирани според Законот за здруженија и фондации (ЗЗФ) од 2010 година изнесува 4.156. Но, според Централниот регистар, од декември 2014 година досега, регистрирани се 13.656 организации. Разликата постои бидејќи Централниот регистар нема овластување да избрише ниедна организација доколку истата не побара да биде отстранета, дури и во случај да не е регистрирана според законот од 2010 година. Затоа голем број неактивни организации сè уште се заведени во регистарот.

ПРАВНО ОПКРУЖУВАЊЕ: 3.7

Правната околина во која делуваат организациите се влоши во 2015 година поради честите правни промени кои резултираа со правна неизвесност околу работењето на граѓанските организации. На пример, законите кои го регулираат привременото и хонорарното работење се сменија неколкупати во текот на годината, за на крај да бидат повлечени во месец јули. Во само еден ден во август, Собранието донесе измени и дополнувања на 64 закони без јавна консултација, меѓу кои неколку влијаеја врз работата на граѓанските организации и ги зголемија казните и санкциите.

ЗЗФ пропишува сеопфатна рамка за работата на здруженијата и фондациите. Регистрацијата се одвива бргу, евтино е и лесно се завршува, иако граѓанските организации понекогаш се соочуваат со проблеми во текот на регистрацијата. На пример, Централниот регистар ја забрани регистрацијата на Мрежата за политики за дроги во Југоисточна Европа, која обединува тринаесет организации од Балканот, затоа што мнозинството од основачите не биле македонски граѓани според ограниченото толкување на ЗЗФ.

ЗЗФ е доволно јасен во однос на организациското управување, работата на ГО, обврските за известување, како и други аспекти на работењето. Воглавно, ГО работат без пречки. И покрај тоа што ГО се вклучуваат во јавни дебати за најразлични прашања, постои одредена автоцензура и внимателно се критикуваат одредени државни политики. Иако не е забележан случај ГО да се затвори поради притисоци во 2015 година, ГО пријавиле вербални закани и етикетирање на ГО кои се критични за владините политики, како „соросоиди“ (примачи на финансии од Сорос) или странски агенти. Во 2015 година, нема извештаи за претерана контрола од страна на владата, вклучувајќи ги и даночните власти.

Во текот на годината имаше неколку ограничувања на слободата на здружување. Во март се донесоа измени и дополнувања на Законот за полиција со кои се додадоа четири средства за употреба на сила при јавни собири и тоа: оружја за електрошокови, гумени куршуми, специјални возила и експлозиви. Од 6 до 16 мај беа попречени или забранети јавни собири пред Владата и Собрание. За време на протестите за скандалот за прислушување, полицијата уапси неколку демонстранти и употреби прекумерна сила. Властите не ги истражија овие инциденти, иако демонстрантите добија кривични пријави. Од Договорот во Пржино во февруари произлезе и акциски план на Владата кој се однесуваше на проблемите со структурното управување и владеењето на правото. Планот не беше објавен во јавноста, но ГО добија пристап до него на неформален начин. Истиот содржи одредба да се донесе акт со кој ќе се забранат протести пред Собранието, а можеби и да се ограничат идните протести на граѓаните пред јавните институции.

Состојбата со даноците останува неповолна за ГО. Истите не добиваат посебни придобивки како непрофитни субјекти. Напротив, измените и дополнувањата на Законот за данок на добивка пропишуваат понеповолни регулативи за ГО во споредба со некои профитни субјекти. На пример, според член 32 од Законот за данок на добивка, микро и малите претпријатија се ослободени од плаќање данок на добивка доколку нивниот приход генерира даночна обврска пониска од 3 милиони денари (приближно 53.000 американски долари), во зависност од даночната стапка за таа година. Не постојат слични ослободувања за ГО.

Откако се усвои ЗЗФ во 2010 година, на ГО им е дозволено да вршат економски активности кои се во согласност со нивните статутарни цели, иако постојат разни толкувања дали таквиот приход е подложен на даночење. ГО може да учествуваат во јавни набавки на национално и централно ниво под истите услови како и други субјекти.

Граѓанскиот сектор има пристап до правна помош од правни експерти на неколку организации, повеќето во главниот град. Овие експерти најчесто работат про-боно бидејќи не постојат донаторски програми за ваков вид услуги.

ОРГАНИЗАЦИСКИ КАПАЦИТЕТ: 3.8

Повеќето ГО не успеваат да воспостават подиректни врски со своите конституенти. Исто така, организациите ги менуваат програмите во зависност од достапните финансии или не ја препознаваат потребата да ги вклучат своите целни групи. Одредени ГО кои поддржуваат маргинализирани групи низ годините развиле силна врска со своите конституенти. Дел од тие организации се: Првата детска амбасада во светот Меѓаши (за детски права); ЛГБТИ центарот (за ЛГБТИ популацијата); како и Опции за здрав живот Македонија (ХОПС) и Асоцијација за здравствена едукација и истражување (ХЕРА) (за репродуктивни права). Одредени ГО, како Здружението за едукација, комуникација и консалтинг (ОХО), преку својата работа на важни теми како заштита на средината и здрав живот за учениците воспоставиле силна врска со своите засегнати страни. Иако некои ГО вршат автоцензура поради политичката состојба во државата, тоа не влијаело врз нивните способности за градење односи со конституенти.

Со исклучок на неколку поголеми организации, ГО ретко се впуштаат во стратешко планирање. Најчесто подготвуваат стратешки планови доколку донаторите го побараат тоа или ги поддржат. Во 2015 година, програмата Цивика Мобилитас, која е поддржана од Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) и ја спроведува Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), им додели тригодишни институционални грантови на шеснаесет организации, кои подразбираат и помош при стратешко планирање.

Најчесто, ГО во Македонија немаат јасна поделба меѓу улогите на Одборот на директори и извршниот персонал. Иако постојат исклучоци, одборите се формални и се составени од луѓе кои имаат извршни функции во организацијата. Постојат неколку иницијативи за подобрување на оваа практика. На пример, УСАИД нуди поддршка за ГО да ги подобрат нивните организациски структури и управување. Цивика Мобилитас ги обврзува примателите на грантови да подготват планови за организациски развој.

Според најновите достапни податоци, регистрирани се само 1.897 вработени во ГО со полно работно време во 2014 година, а се очекува бројката да биде приближна и во 2015 година. Вработените најчесто се ангажираат на проекти (и не се вклучени во гореспоменатата бројка) и не им се плаќаат придонеси за пензиско и здравствено осигурување. ГО најмуваат надворешни соработници за одредени професионални услуги во областа на сметководството, ИТ и слично. Најголем дел од грасрут организациите зависат само од волонтери, додека професионалните организации ретко работат со волонтери. Според Светскиот индекс за добротворство (WGI) за 2015 година, само 9 отсто од испитаниците во Македонија одговориле дека учествувале во волонтерска акција во 2014 година, за разлика од 2013 година кога бројката изнесувала 14 отсто.

ГО имаат основна опрема, но не се во можност редовно да ја обновуваат поради недостатокот на поддршка од институциите. Повеќе од 65 отсто од граѓаните во Македонија имаат пристап до интернет, а тука влегуваат и ГО. Повеќето ГО се активни на социјалните мрежи како „фејсбук“ и „твитер“, а некои од нив имаат сопствени веб-страници.

ФИНАНСИСКА ОДРЖЛИВОСТ: 4.4

Финансиската одржливост на ГО се подобри во 2015 година. Финансиите на ГО во најголем дел доаѓаат од странски извори, ЕУ, УСАИД, СДЦ, Амбасадите на Велика Британија и кралството Холандија. Иако нивото на финансирање во 2015 година е слично на она во 2014 година, во 2015 година ГО имаа поголем пристап до грантови надвор од ЕУ. По едногодишна пауза, во јануари започна нова фаза на програмата Цивика Мобилитас поддржана од СДЦ. Со оваа програма се очекува да се дадат грантови на ГО во износ од 5,5 милиони евра во период од три години. На крајот од 2015 година, Цивика Мобилитас додели грантови во износ од околу милион евра на триесет и седум организации. Исто така, во декември Делегацијата на Европската Унија (ДЕУ) во Скопје додели 5 милиони евра како повеќегодишни грантови за деветнаесет ГО да пристапат до ИПА фондови и фондови на ЕИДХР преку Министерството за финансии и ДЕУ. Но поради јазичните бариери и сложените административни услови на ЕУ, помалите ГО најчесто немаат можност да ги добијат овие и слични странски извори на финансирање. УСАИД продолжува со својата поддршка за граѓанското општество преку Фондацијата отворено општество-Македонија (ФООМ).

Државната поддршка е незначителна. Според Извештајот за овозможувачкта околина на МЦМС за 2015 година, само 22 отсто од ГО добиваат финансиска поддршка од државата и таа изнесува само 10 отсто од нивните буџети. Вкупната поддршка од државата во 2015 година изнесува околу 4.515.560 евра, што е слично како 2014 година, но не ги задоволува потребите на секторот. Владините средства се распределуваат преку неколку институции, како Одделението за соработка со невладини организации (дел од Генералниот секретаријат на владата), Министерството за труд и социјална политика, Министерството за култура и Секретаријатот за спроведување на охридскиот рамковен договор. Со овие средства се поддржуваат проектни активности, а не подразбираат институционална поддршка или кофинансирање, и во некои случаи не се распределуваат транспарентно. Добивките од лотарии се распределуваат на одреден број ГО преку нетранспарентна процедура.

Индивидуалната филантропија и волонтирањето се ограничени, иако беа поттикнати од бегалската криза во 2015 година. Според Светскиот индекс на добротворство, 35 отсто од испитаниците во Македонија изјавиле дека донирале на добротворни организации во 2014 година, споредено со 33 отсто во 2013 година. Според истражувањето на Конект, спроведено во 2014 година и објавено во 2015 година, само 38,2 отсто од ГО побарале донации од бизнисите и две третини од ГО не ги препознаваат бизнисите како потенцијални извори на ресурси. Бизнисите немаат посебна корпоративна општествена одговорност или програми за филантропија кои се стратешки развиени да ги поддржат ГО.

ГО не вовеле разновидност во своето финансирање заради недостаток на можности, што заедно со недостатокот на институционална поддршка и зависноста од проектно финансирање ги прави ГО финансиски ранливи на долгорочен план.

Придонесите од членарина се симболични и се важни само во организации кои се базираат на членство, како на пример Здружението на пензионери и други мрежни организации. Освен за општествени услуги, државните институции не ги најмуваат ГО. Исто така, ГО и бизнисите ретко соработуваат за обезбедување услуги како што се обуки или координација на активности за корпоративна општествена одговорност.

Многу малку организации демонстрираат финансиска транспарентност или вршат финансиска ревизија. ГО не вршат финансиска ревизија доколку донаторите не го побараат тоа од нив и обично ревизиите се концентрираат на конкретни проекти.

ЗАСТАПУВАЊЕ: 3.6



Во 2015 година нема значајни промени во областа на застапување. Иако се јавува напредок во неколку области, како на пример платформи базирани на одредени прашања и ад-хок коалиции, директната комуникација меѓу владата и ГО се намали. Организациите сè повеќе известуваат дека нивните барања за информации и состаноци биле игнорирани или биле одвај прифатени. Можностите за претставување правни реформи или реформи во политиките биле само формални, а предлозите не добиле повратни информации или не биле земени предвид. Поради тоа, ГО не се подготвени да комуницираат со јавните институции или ги ограничуваат своите предлози на она што институциите би го сметале како прагматично.

И покрај значајните технички подобрувања на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР), кој е клучна алатка за јавно учество, јавните консултации за предлог-законите не се подобрува. Иако владата и министерствата се обврзани да објавуваат предлог закони на ЕНЕР и да остават најмалку десет дена за јавна консултација, тие и понатаму ги прекршуваат правилата. Повеќе од 671 закон беа усвоени во 2015 година. Од нив, 442 (66 отсто) беа усвоени преку брза постапка (кои се наменети само за кризни состојби како војна или природна катастрофа), но и во тие случаи потребна е јавна консултација. Измените и дополнувањата на четиресет и шест закони беа усвоени во еден ден и тоа без јавна консултација.

Владата не го подобри спроведувањето на Стратегијата за соработка меѓу владата и граѓанскиот сектор 2012-2017. Одделението за соработка со невладини организации организираше неколку консултативни средби со ГО околу Одлуката за основање Совет за соработка меѓу владата и граѓанскиот сектор и Одлуката за финансирање здруженија и фондации од државниот буџет. Сепак, ниту една од овие одлуки не беше усвоена до крајот на годината. ГО известуваат дека владата не ги зела предвид нивните предлози за одлуките. Исто така, ГО не беа едногласни при процесот на селекција на претставници од ГО во Советот за соработка, воглавно поради сомнежите дека институциите ќе останат пристрасни, како и поради недостатокот на граѓанска платформа која би можела да врши селекција во име на целиот сектор.

Во 2015 година, ГО и владата соработуваа при подготовката и спроведувањето на второто Отворено владино партнерство. Министерството за информатичко општество и администрација

го предводеше процесот и вклучи други институции, како и голем број ГО. Сепак, ГО сè уште не се вклучени во работните групи за ИПА фондовите, и покрај ветувањата на Секторот за европски прашања, и креирањето на ИПА механизмот за ГО, мрежа од речиси 100 ГО посветени на поддршка на јавните институции при планирањето на предпристапната помош која подразбира структурни реформи.

Во 2015 година, ГО беа активни околу прашањето со законите кои ја регулираат привремената и хонорарна работа, која требаше да ја зголеми обврската за плаќање на договорите на одредено време (договори за вршење услуги или консултантски договори кои често се користат во граѓанскиот сектор) од 10 на 37 отсто од платите. По неколку протести и собрани 6.011 потписи од страна на платформата АЈДЕ и жалба до Уставниот суд, законите беа повлечени во јули.
На почетокот на годината, студентите продолжија со организирање масовни протести (кои започнаа на крајот од 2014 година) со барање да бидат вклучени во дискусиите за реформите во високото образование. Студентите се противеа на одредбата во предлог-законот за високо образование да се воведат државни испити, кои ќе ја нарушеа автономноста на високообразовните институции. Како резултат на протестите, предлог-законот беше повлечен во февруари и Министерството за образование се согласи да формира работна група со претставници од Студентскиот пленум и други релевантни студентски асоцијации. Сепак, работната група се покажа како неефикасна и Министерството не ги зеде предвид предлозите кои произлегоа од неа. Лобирањето на ГО и активистите за човекови права беше успешно и доведе до измени и дополнувања во Законот за азил во јуни. Со измените им се дозволи на странски државјани легално да минуваат низ Македонија и го потврди нивното право да побараат азил или да продолжат кон друга држава.

ГО се здружија во платформи поврзани со одредени прашања и формираа ад-хок коалиции во однос на нивните цели за застапување. Граѓанската платформа за борба против корупција соедини петнаесет организации. Во 2015 година, платформата свика неколку прес-конференции и достави барања до институциите да ги истражат можните криминални дела кои беа објавени во прислушуваните материјали. Исто така, Платформата, заедно со Мрежа 23, која се фокусира на прашањата поврзани со правосудството и темелните права кои се релевантни за Поглавјето 23 од преговарачкиот процес за пристап кон ЕУ, побара целосна транспарентност во преговорите за решавање на политичката криза во Македонија.

И покрај овие успешни примери, други иницијативи не го поттикнаа владиниот интерес за дијалог. Обидите да се воведат измени и дополнувања во Законот за енергетика, промени на урбаните планови за општина Карпош и барањето да се подобрат условите во затворите преку измени во Законот за амнестија се само дел од нив.

Иницијативите во 2015 година за развој на овозможувачка правна околина за ГО се фокусираа на законите за даноци. Со поддршка од проектот финансиран од ЕУ- Техничка поддршка за граѓанските организации (ТАКСО), Европскиот центар за непрофитно право (ЕЦНЛ) подготви компаративна анализа на даночните закони кои ги опфаќаат ГО и ТАКСО заедно со МЦМС ја презентираа анализата на претставници од Министерството за финансии, Генералниот секретаријат на владата и неколку ГО. Во ноември, ТАКСО исто така ја поддржа иницијативата да се направат неколку нацрт измени за законите, кои се очекува да бидат доставени до надлежните институции во 2016 година.

ОБЕЗБЕДУВАЊЕ УСЛУГИ: 3.8

Областа на услугите кои ги обезбедуваат ГО остана непроменета во 2015 година. ГО обезбедуваат најразлични услуги, како социјална заштита на деца, личности со хендикеп и маргинализирани групи. Во 2015 година, многу ГО се концентрираа на обезбедување помош на бегалците и мигрантите. Со странски финансии, како и индивидуални донации, граѓанските организации Легис, Нун, Мерхамед, Црвениот крст, други локални организации, граѓански иницијативи и поединци секојдневно присуствуваа на граничните премини и им нудеа храна, здравствени услуги, основни намирници и други добра и услуги на бегалците.

Услугите кои ги обезбедуваат ГО се однесуваат на потребите на нивните целни групи, но многу често не успеваат да ги задоволат сите потреби на корисниците поради недостаток на средства. ГО објавуваат многу анализи и истражувања кои се бесплатни и се доставуваат до владините институции и во јавноста.

ГО сè уште ретко заработуваат од услугите кои ги нудат. Генерално, само ГО со напредни организациски капацитети покриваат трошоци преку наплата.

Државата многу малку помага да се зголемат услугите на ГО. Освен Министерството за труд и социјална политика, кое ги најмува ГО за социјални услуги, владините агенции не ги земаат предвид ГО.

ИНФРАСТРУКТУРА: 3.3

Инфраструктурата е речиси иста како во 2015 година. Базата со податоци на ТАКСО нуди најразлична помош вклучувајќи и биро за помош, зајакнување на капацитетите за прашања како односите со јавноста и управувањето со проектниот циклус на ЕУ проекти и во неа се споделуваат повици за предлози и останати информации. ФООМ, преку проектот на УСАИД за граѓанско општество и МЦМС преку програмата Цивика Мобилитас, исто така нудат поддршка за ГО. И

двете програми нудат услуги и информации за организациите, лично и преку нивните веб-страници. На пример, Школата за активно граѓанство на УСАИД нуди три нивоа на деветмесечни програми за зајакнување на капацитетите за организирање младински граѓански иницијативи.

МЦМС врши регрантирање на средствата од СДЦ, додека ФООМ ги регрантира средствата од УСАИД. Во 2015 година, во рамките на Цивика Мобилитас, МЦМС додели шеснаесет оперативни грантови, петнаесет акциски грантови, девет мали грантови и пет ад-хок грантови во износ од 1,9 милиони американски долари. ФООМ објави два огласи и додели четириесет и еден грант во износ од 1.273.960 американски долари од кои: четиринаесет грантови за ГО кои дејствуваат како демократски хабови, тринаесет грантови за надгледување и застапување и четиринаесет грантови за заеднички акции за партнерства и вмрежување на ГО. Исто така, четири конзорциуми на ГО доделија грантови од ДЕУ за финансирање помали проекти, во просек меѓу 3.000 и 5.000 евра од проект. ДЕУ исто така објави оглас во рамките на програмата за граѓанско општество и додели речиси 5 милиони евра во форма на грантови кои подоцна може повторно да се распределат.

ГО често споделуваат информации преку меилинг листата на ТАКСО и преку тематски коалиции. Бројот на тематски коалиции и иницијативи се зголеми во 2015 година. Неколку мрежи се фокусираа на правилното раководење и подоцна беа поддржани од донатори. Висококвалификувани обучувачи нудат најразлични видови обуки, меѓу кои има и понуди за понапредни обуки. ГО најчесто пристапуваат до обуките преку Проектот за граѓанско општество, Цивика Мобилитас и ТАКСО. Одредени организации специјализирани во своите области, како на пример, собирање средства, филантропија и корпоративна општествена одговорност, понудија интервенција за зајакнување на капацитетите во 2015 година. Обуките најчесто се бесплатни, се покриваат дури и трошоците за превоз. Материјалите се достапни на македонски јазик.

Не се воспоставија нови партнерства во рамките на секторот. Во 2015 година, Конект го објави првото истражување во државата во однос на соработката меѓу ГО и бизнис заедницата, врз основа на истражување спроведено во 2014 година. Според истражувањето, иако речиси половина од ГО објавиле дека соработувале со бизнис секторот, само 15,5 отсто од бизнис секторот објавиле некаква соработка со ГО, што укажува на фактот дека бизнисите ретко активно соработуваат со ГО. На локално ниво има неколку примери за соработка меѓу ГО и владините институции. На пример, Град Скопје, во соработка со Волонтерскиот центар, Цивика Мобилитас, Министерството за труд и социјална политика, фестивалот Таксират и Младинскиот културен центар од Битола организираа саем за невладини организации и волонтирање во месец декември.

ИМИЏ ВО ЈАВНОСТА: 4.4

Мислењето на јавноста за ГО продолжи да се влошува во 2015 година. Медиумската средина и понатаму е ограничена и поларизирана и не им овозможува на ГО да ја претстават својата работа. Јавните напади, говорот на омраза и кампањите за клевета против ГО кои критикуваат зачестија во медиумите кои се ориентирани кон власта. Голем дел од овие напади се однесуваа на финансиите,

платите на вработените, како и приватниот живот на активистите. Истовремено, новинарите се обраќаат кај ГО за споделување искуства и експертиза во области кои се од јавен интерес, како на пример социјалната инклузија, сиромаштијата и јавното здравство. Во некои случаи, медиумското покривање на овие прашања ги поттикна државните институции да преземат нешто за решавање на проблемите.

Во 2015 година, неколку независни медиуми објавија стории за јавно финансирање на ГО, особено за буџетските трошоци преку Одделението за соработка со невладини организации. Медиумите откриј недостаток на транспарентност, одговорност, како и политизација на доделувањето на средствата за ГО; се објавија и тврдења дека член на владејачката партија ВМРО-ДПМНЕ и поврзани организации имале придобивки од овие средства.

Иако најголем дел од народот има доверба во ГО, таа е намалена во однос на 2013 година. Според истражувањето на МЦМС во април 2015 година, процентот на граѓани кои имаат доверба во ГО паднал од 59,3 отсто во 2013 година на 50,5 отсто во 2015 година. Во исто време, политичката криза ја намали довербата на јавноста во сите институции во 2015 година.

Поради политичката криза, ГО имаат минимална комуникација со јавните институции. Сериозните обвинениј за прислушување на истакнати граѓани, меѓу кои и претставници на ГО, доведе до понатамошно продлабочување на недовербата меѓу јавните институции и ГО. Истражувањето на Конект покажува дека бизнисите имаат скромно ниво на доверба во ГО. Една третина од компаниите имаат доверба во ГО, една третина се неутрални, а една третина не им веруваат на ГО.

Професионалните ГО доставуваат објави за јавноста и организираат прес-конференции за својата работа. Голем број од ГО, особено неформалните граѓански иницијативи, сè повеќе ги користат социјалните медиуми за да шират информации, да добијат поддршка и да апелираат за дејствување околу одредени прашања, како што е спречување на полициската бруталност или помагање на бегалците. Истовремено, ГО практикуваат автоцензура при комуникацијата со медиумите. Со исклучок на неколку непрофитни медиуми, новинарите не се свесни за улогата на ГО во општеството. Организациите за мониторинг имаат развиени односи со јавноста, но само со медиуми кои ги критикуваат владините постапки и политики.

Водечките ГО објавуваат годишни извештаи на нивните веб-страници или ги дистрибуираат на други начини. Повеќето ГО кои спроведуваат проекти од странски инвестиции редовно објавуваат извештаи за активностите. Не постои кодекс за управување во граѓанскиот сектор.

Индексот за одржливост на граѓанските организации е клучна аналитичка алатка за мерење напредокот на граѓанскиот сектор во Централна и Источна Европа и Евроазија. Со индексот се следи напредокот на граѓанското општество во дваесет и девет земји во последните деветнаесет години. Тој ја оценува целостна овозможувачката околина во која делува граѓанско општество фокусирајќи се на правната рамка, организацискиот капацитет, финансиската одржливост, застапувањето, обезбедување услуги, инфраструктурата и имиџ на граѓанските организации во јавноста. Секоја димензија се оценува со скала од 1 до 7, каде што 1 означува највисоко напредно ниво, а 7 најниско ниво на развој. Индексот е развиен од Американската агенција за меѓународен развој во партнерство со локални организаци во секоја од земјите во кои се спроведува Индексот.

За повеќе информации, ве молиме обратете се на Балканска мрежа за развој на граѓанското општество (БЦСДН) на executiveoffice@balkancsd.net

Англиската верзија на Индекс за одржливост на граѓанските организации за 2015 година за Централна и Источна Европа и Евроазија може да ја најдете на следниот линк: http://www.usaid.gov/europe-eurasia-civil-society